Јавно претпријатие за комунална дејност
„Дебрца"

ОПШТИНА ДЕБРЦА

тел/факс046/286  887

E-mail:komunalecdebrca@hotmail.com

# ПРОГРАМА
# ЗА
# РАБОТА И РАЗВОЈ
# ЗА
# 2015 ГОДИНА

**Предлага:**

Директорот на ЈП за комунална дејност Дебрца

**Разгледува и усвојува:**

Управен одбор на ЈП за комунална дејност Дебрца

**Дава согласност:**

Совет на Општина Дебрца

**СОДРЖИНА**


**1.ВОДОВОД........................................................................................................**

**А Сектор водовод .........................................................................................................**

**1 Тековно одржување на водоводната мрежа во општина Дебрца.........................**

**2 Реконструкција и санација на дел од постоечките водоводна мрежи во општина Дебрца;.........................................................................................................**

**3 Изградба на нови водоводни линии ..........................................................................**

**4 Планирање и развој .........................................................................................................**

**2. КОМУНАЛНА ХИГИЕНА .........................................................................................**

**А. Собирање, транспортирање и депонирање на отпад ...........................................**

**Б. Чистење и одржавање на јавно - сообраќајни површини и одржување на паркови и зеленило.........................................................................................................**

**3.ЗИМСКО ОДРЖАВАЊЕ НА ПАТИШТАТА ВО О.ДЕБРЦА**

**4.УПРАВУВАЊЕ СО СПОРТСКИ САЛИ**

**5. ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ .........................................................................**

## ПРОГРАМА

## За работа и развој на Јавното претпријатие за комунални дејности ЈПК Дебрца за 2015 година

**Водовод**

ЈП за комунална дејност „Дебрца,, е специјализирано претпријатие за обавување на комунални дејности на територијата на општина Дебарца и по својот карактер преставува претпријатие од посебен интерес за општината и населението . Во текот на своето постоење, а со промените на начинот на живеење во руални средини јавното претпријатие се трудело и со успех се вклопувало со промената на технологијата на обавување на комуналните дејности како и проширување на истите со цел да се одговори на потребите на населението.

За наредната 2015 година, приоритет за вработените е подобрување на водоснабдувањето во Општина Дебрца, при што посебен акцент ќе се стави на напорите во сите периоди од годината да се обезбеди потребно количество на вода за пиење.

Во Водовод како една од носечките единици во претпријатието функционира Сектор за водовод, така што заради подобра прегледност планираните активности за наредната година ќе ги изложиме преку овој сектор.

**А Сектор водовод**

Во овој сектор планираните активности кои целосно ќе бидат координирани со општина Дебарца ќе се одвиваат во четири полиња:

**1** Тековно одржување;
**2** Реконструкција и санација на дел од постоечката водоводна мрежа во општина Дебрца;
**3** Изградба на нови водоводни линии, како и водоводи;
**4.**Активности за откривање на диви приклучоци и кражби на вода.

**1 Тековно одржување на водоводната мрежа во општина Дебрца**

- Секојдневно и континуирано одржување на водоводната мрежа во Дебрца поради специфичноста во смисла на големата должина на мрежата, како и благовремено отстранување на дефектите; ( контрола на мрежата, на затворачи, на пожарни хидранти, на воздушни вентили и шиберни шахти) исто и санирање на улични дефекти, дефекти на водомерни и канализациони шахти, миење на водоводната мережа и чистење на резервоарите ( 2 до 3 пати годишно).
- Редовно хлорирање и редовна контрола на исправноста на водата за пиење преку овластени институции;
- Поправка или промена на постоечки вентили:
  - Пред хлоринаторни станици;
  - Во водоводни локални шахти(оние кои се стари и не функционираат);
  - На други вентили со помали профили;

- Поправка на пумпни станици(промена на вентили и фасонски делови во неа) .

**2 Реконструкција и санација на дел од постоечката водоводна мрежа во општина Дебрца;**

- Изработка на повеќе идејни и изведбени проекти за градби или реконструкција на одделни делови од водоводната мрежа во некои населени места во општината;
- Реконструкција и градба на повеќе базени за каптирање на вода во повеќе населени места во општината;
- Поврзување на комининтентите односно домачинствата во населените места Велмеј и Ботун на новите водоводни мрежи до водоводното мерило.

**3 Изградба на нови водоводни линии, како и канализациони линии:**

- изградба на нов канализационен крак во Белчишта во должина од 100
- изградба на нов водоводен крак за поврзување на населбата Таци во должина од 600 м.

Во зависност од финансиската моќ на ЈПК Дебрца и во соработка со општина Дебрца, можно е и проширување на програмата со други проекти, за кои претходно ќе се процени дека е потребно санација, или се јавува потреба од изградба на нови водоводни линии за задоволување на потребата од вода за пиење во населените места во општина Дебрца

**4.Активности за откривање на диви приклучоци и кражби на вода.**

Особен акцент во наредниот период ќе се посвети на откривање на диви приклучоци, промена на нерегуларните водомери, пломбирање на секој водомер и утврдување на кражбите на вода. За сторителите на вакните прекршоци селедува соодветна мерка согласно законот за снабдување со вода за пиење.Формирање на комисиј за следење на кражба на вода и дефеци.

## 1. Комунална хигиена

Во населените места се одвиваат многубројни активности на жителите и стопанството кои создаваат количини на отпад за кои ако нема соодветна форма на менаџирање постои опасност да се предизвикаат проблеми по здравјето на населението и животната средина.

Во таа насока развиената еколошка свест и потребата за живеење во здрава и чиста средина налага неминовна потреба од добро организирана и ефикасна служба за собирање, транспортирање и депонирање на отпадот.

Незамисливи се живеењето и работењето во една урбана средина без организирано управување на отпадот. Како неминовност на оваа потреба е

составена програма за собирање, изнесување и депонирање на отпадот во општина Дебрца

Програмата се нуди за управување на отпадот со динамика еднаш неделно во населените места низ општината. Секое населено место има точно утврден ден на собирање и изнесување, а критериум за нивно димензионирање се : бројот на домаќинствата и територијаната поврзаност на населените места.
Во периодот кој следи се превземаат активности со оваа дејност да се опфати и горна Дебрца, со што поголем дел околу 90% од територијата на општината ќе биде синхронизирано, и постоењето на диви депонии во помалите населени места од тој дел на општината ќе се ограничи.

Секторот за комунална хигиена функционира со три сектори, така што планираните активности за наредната година ќе ги прикажиме преку тие три сектори, и тоа:

**А.** Собирање, транспортирање и депонирање на отпад;

**Б.** Чистење и одржување на јавно-сообраќајни површини и одржување на паркови и зеленило;

**А. Собирање, транспортирање и депонирање на отпад**

Собирањето и транспортот на комуналниот отпад, како многу значајна дејност на Ј.П.К..Дебрца а и на општина Дебрца редовно и тековно ќе се извршува во плански години според утврдениот план за таа цел на Комунална хигиена. Покрај тековното собирање на комуналениот отпад се планира:

- Преку плакати, медиуми, средби со граѓани и слично да се врши едукација на граѓани во поглед на почитување на правилата за собирање на комунален отпад;
- Иницијатива до комуналниот инспектор при општина Дебрца, преку Градоначалникот и Советот, заради нивно што поголемо ангажирање (санкционирање на граѓаните и правните лица) кои не ги почитуваат правилата за собирање на цврст комунален отпад, особено граѓаните кои фрлаат шут, растителен отпад и слично на недозволени места како и поднесување на шест месечен извештај за работењето на Инспекторот.
- Заедно со општината набавка на нови контејнери и специјални пластични садови за отпад и нивно поставување на соодветни места со што би се создале можности за што поефикасно собирање на комунален отпад, како и жичани контејнери за пластика и селектирање на отпад;

**Б. Чистење и одржување на јавно-сообраќајни површини и одржување на паркови и зеленило;**

Во изминатиов период се уреди паркот во с.Белчишта со насад на цвеќиња и украсни дрва, и инсталиран е систем на наводнување со што во текот на целата година паркот беше во добра состојба.
Ќе се разубаавуват парковите, ќе се заложиме во сите населени места да се направат паркови, уредени со украсни дрвца и цвеќиња.
Одржувањето на јавната чистота е приоритет, тоа подразбира редовно чистење од отпад покрај патиштата во секое населено место, косење на тревата и ред други активности

Ќе се спроведат и активности за чистење и затворање на дивите депонии, прочистување на речните корита од наноси и отпадни материјали, чистење на локалните патишта од наведнати гранки, од одрони и наноси итн.

**3.ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА ВО О.ДЕБРЦА**

Со одлука на совет на о.Дебрца на ЈП за комунална дејност Дебрца е предадено зимското одржување на патиштата низ општината. За таа цел беше изработена ,презентирана и и усвоена програма за начинот на исполнување на истата.

4.УПРАВУВАЊЕ СО СПОРТСКА САЛА

Со проширувањето на дејоноста во Статутот на ЈПК Дебрца, и предавањето во сопственост на спортската сала во с.Требеништа, се дава можност за извршување на нови активности со што во голема мера би придонеле за зголемување на приходот на јавното претпријатие.
Изготвена и прифатлива цена за користење од час за обавување на спортски активности, и цена за издавање на салата за други манифестации
Ценовник:

- Одвивање на спорстски активности --------------------------------500/ ч
- Изнајмување за други манифестации -------------------------------2 500/ч

5. ДРУГИ УСЛУГИ

За други услуги согласно статутот на ЈПК Дебрца, во идниот период е предвидено и давање на погребални услуги и придружни активности, за кои по исполнувањето на законските услови соодветно ќе се пристапи кон давање на таква услуга, и детална разработка на планот и програмата на споменатата дејност.

**ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2015 ГОДИНА**

| ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ | |
|---|---|
| | |
| ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ОД ВОДА | 2 800 000 |
| ПРИХОДИ ОД СОБИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД | 2 500 000 |
| ПРИХОДИ ОД КАНАЛИЗАЦИЈА | 80 000 |
| ПРИХОДИ ОД УПРАВУВАЊЕ СО СПОРТСКА САЛА | 400 000 |
| ПРИХОДИ ОД ПРИКЛУЧОЦИ НА ВОДА И КАНАЛИЗАЦИЈА | 300 000 |
| ПРИХОДИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНАТА ПРОГРАМА | 600 000 |
| Приходи од реализација од градежна механизација | 300 000 |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | **6 980 000** |
| | |
| ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ | |
| | |
| **МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | |
| ПОТРОШЕН КАНЦЕЛАРИСКИ МАТЕРИЈАЛ | 30 000 |
| ПОТРОШЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖАВАЊЕ | 15 000 |
| ПОТРОШЕНА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА | 900 000 |
| ПОТРОШЕНО ГОРИВО И МАСЛА | 750 000 |
| ПОТРОШЕНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И МАТЕРИЈАЛИ | 150 000 |
| ХТЗ ОПРЕМА | 40 000 |
| ОТПИС НА СИТЕН ИНВЕНТАР | 40 000 |
| ТРОШОЦИ ЗА ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ | 60 000 |
| УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА ( ВОЗИЛА, ПУМПИ, КОМЈУТЕРИ) | 150 000 |

| | |
|---|---|
| ПЕЧАТЕЊЕ СМЕТКИ И ДРУГИ ГРАФИЧКИ УСЛУГИ | 40 000 |
| ТРОШОЦИ ЗА БАКТЕРИОЛОШКИ ИСПИТУВАЊА НА ВОДАТА | 10 000 |
| РЕГИСТРАЦИЈА И ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВОЗИЛАТА | 30 000 |
| ТРОШОЦИ ЗА ХЛОР | 15 000 |
| ТРОШОЦИ ЗА КОРИСТЕЊЕ УСЛУГИ ОД ГРАДЕЖНА МЕХАНИЗАЦИЈА | 100 000 |
| **ВКУПНО МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | **2 330 000** |
| | |
| **НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | |
| АМОРТИЗАЦИЈА | 700 000 |
| ВРЕДНОСНО УСГЛАСУВАЊЕ НА КРАТКОРОЧНИ ПОБРУВАЊА | 90 000 |
| ТРОШОЦИ ЗА ПРЕВОЗ ВО ЗЕМЈАТА | 20 000 |
| ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА | 10 000 |
| ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА | 80 000 |
| БАНКАРСКИ УСЛУГИ | 30 000 |
| СПОНЗОРСТВА И РЕКЛАМИ | 10 000 |
| ЗДАВСТВЕН ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИ | 10 000 |
| СМЕТКОВОДСТВЕНИ УСЛУГИ | 30 000 |
| КОНСУЛТАНСКИ УСЛУГИ | 15 000 |
| ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ | 15 000 |
| ДАНОЦИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД ФИНАНСИСКИОТ РЕЗУЛТАТ | 25 000 |
| НАДОМЕСТ ЗА ЧЛЕНОВИ НА УО И НО | 120 000 |
| ПРАВНИ, АДВКОКАТСКИ, НОТАРСКИ И СУДСКИ ТРОШОЦИ | 20 000 |
| УСЛУГИ ПО ДОГОВОР НА ДЕЛО | 40 000 |
| **ВКУПНО НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | **1 215 000** |

| | |
|---|---|
| | |
| БРУТО ПЛАТИ | **2 600 000** |
| | |
| НАБАВНА ВРЕДНОСТ НА ПРОДАДЕНИ РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ | **260 000** |
| | |
| ВКУПНО РАСХОДИ | **6 405 000** |
| ВКУПНО ПРИХОДИ | **6 980 000** |
| РАЗЛИКА | **575 000** |

**Преодни и завршни одредби**

Програмата за работа на Ј.П.К.Дебрца за 2015 година е поприлично обемна и нејзиното реализирање ќе зависи од динамиката на обезбедување финансиски средства како и донации.

Секако дека е можно да се спроведуваат и одредени непланирани активности кои не се споменати во Програмата поради што оваа Програма за работа е отворена и во секој момент ќе може да се надоградува.

ЈП за комунална дејност Дебрца

**в.д.ДИРЕКТОР**

Стојмир Велјаноски